# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 200** **10 август 2020, понеделник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2483. | **Правилник** за начинот на водењето на дисциплинската постапка на припадникот на затворската полиција и образецот за тајното гласање........................................ | **2** |
| 2484. | **Правилник** за формата и содржината на прекршочниот платен налог................................................. | **6** |
| 2485. | **Правилник** за формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени............................................ | **13** |
| 2486. | **Решение** за изменување на Решението за забрана на увоз и транзит на домашни и диви преживари, семе, јајни клетки и ембриони од домашни и диви преживари заради заштита од внесување на вирусот на син јазик во Република Македонија.................................................... | **13** |
| 2487. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт... | **14** |
| 2488. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | **16** |
| 2489. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | **19** |
| 2490. | **Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД „ЛОЗОВО“ Лозово за регулиран период 2020-2021 година.............................. | **22** |
| 2491. | **Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Водовод и канализација Скопје за регулиран период 2021-2023 година................. | **23** |
| 2492. | **Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП Водовод и канализација Скопје за регулиран период 2021-2023 година................. | **24** |
| 2493. | **Решение** за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП Водовод и канализација Скопје за регулиран период 2021-2023 година....................................... | **25** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2494. | **Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП Солидарност Виница за регулиран период 2021-2023 година.............................. | **26** |
| 2495. | **Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност Виница за регулиран период 2021-2023 година........................................ | **27** |
| 2496. | **Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „ЛОЗОВО“ Лозово за регулиран период 2020-2021 година.............................. | **28** |
| 2497. | **Решение** за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП Пролетер Ресен за регулиран период 2021-2023 година........... | **29** |
| 2498. | **Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Пролетер Ресен за регулиран период 2021-2023 година........................................ | **30** |
| 2499. | **Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Пролетер Ресен за регулиран период 2021-2023 година........................................ | **31** |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-128** |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**2483.**

Врз основа на член 115 став (19) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), министерот за правда, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА НА ПРИПАДНИКОТ НА ЗАТВОРСКАТА ПОЛИЦИЈА И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ТАЈНОТО ГЛАСАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водењето на дисциплинската постапка на припадникот на затворската полиција и образецот за тајното гласање.

Член 2

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка содржи:

- законски основ за поднесување на предлогот за поведување на дисциплинската постапка;
- име и презиме и работно место на припадникот на затворската полиција против кој се предлага поведување на дисциплинската постапка;
- опис на дисциплинскиот престап, опис на околностите под кои тој е сторен, како и времето и местото на извршување на дисциплинскиот престап;
- квалификација на дисциплинскиот престап согласно закон;
- податоци за сведоци и други докази во однос на настанот и
- датум и потпис.

Во прилог на предлогот за поведување на дисциплинска постапка се поднесуваат прибавените изјави и другите писмени и материјални докази.

Член 3

Со еден предлог за поведување на дисциплинската постапка може да бидат опфатени повеќе припадници на затворската полиција како сторители на дисциплински престап кој произлегува од ист настан.

Член 4

Од страна на непосредно претпоставениот раководител, односно заповедникот, предлогот за поведување на дисциплинската постапка преку архивата се доставува до директорот на установата.

Доколку предлогот за поведување на дисциплинска постапка го поднесува директорот, истиот преку архива се доставува до дисциплинската комисија.

Подносителот на предлогот за поведување на дисциплинската постапка може да присуствува на седницата.

Член 5

Припадникот на затворската полиција против кој се води дисциплинска постапка може да биде застапуван од лице кое тој ќе го овласти да го застапува.

Член 6

Членот на дисциплинската комисија може да побара да биде изземен од дисциплинската комисија, односно да биде заменет со друг член поради роднински или пријателски врски со припадникот на затворската полиција спрема кој е поднесен предлог за поведување дисциплинска постапка.

На почетокот на седницата припадникот на затворската полиција спрема кој е поднесен предлог за поведување дисциплинска постапка, може да побара изземање на член на дисциплинската комисија.

Подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, или лице што е учесник во дисциплинската постапка во некое друго својство (сведок, оштетен), не може да биде член на дисциплинската комисија.

Член 7

Поканата за седница на дисциплинската комисија содржи:

- име и презиме и адреса на припадникот на затворската полиција кој се повикува;
- време и место на одржување на расправата;
- причината за повикување;
- својство во дисциплинската постапката во кое се повикува припадникот на затворската полиција;
- поука за припадникот на затворската полиција дека расправата може да се одржи и во негово отсуство и
- датум и потпис на претседателот на дисциплинската комисија.

Член 8

Поканата за седницата на дисциплинската комисија се доставува лично на припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинска постапка по правило во работните простории на установата во која тој работи, односно со препорачана пратка на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето од кое припадникот на затворската полиција секојдневно доаѓа на работа, доколку доставата не може да се изврши во работните простории.

Во случај кога припадникот на затворската полиција одбива да ја прими поканата, одбивањето се констатира на самата покана со наведување на датумот и потпис на лицето што ја доставува поканата, а поканата истиот ден се истакнува на огласна табла и се смета за уредно доставена.

За седницата се известуваат членовите, замениците на членовите на дисциплинската комисија и подносителот на предлогот за поведување дисциплинска постапка.

Член 9

Пред почетокот на расправата, претседателот на дисциплинската комисија утврдува дали се присутни сите повикани лица и го проверува нивниот идентитет.

Расправата може да се одржи во отсуство на припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинска постапка доколку уредно бил повикан, а отсуствува од неоправдани причини.

Кога се исполнети условите за одржување на расправа, претседателот на дисциплинската комисија, го објавува предметот на постапката и ја отвара расправата.

Подносителот на предлогот за поведување на дисциплинската постапка го презентира предлогот, доколку присуствува на расправата, а ако не присуствува, предлогот го презентира претседателот на дисциплинската комисија.

Потоа збор добива припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинска постапка, доколку присуствува на седницата и неговиот застапник ако е присутен. Претседателот, членовите на дисциплинската комисија и подносителот на предлогот, доколку е присутен, може да поставуваат прашања на припадникот на затворската полиција.

По изјаснувањето на припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинската постапка, дисциплинската комисија пристапува кон изведување на предложените докази. Доказите се изведуваат со читање писмени извештаи, информации, изјави и други исправи, презентирање електронски докази, сослушување на сведоци, а кога е тоа потребно се определува и вештачење.

На седницата можат да се предложат и дополнителни докази.

Претседателот, членовите на дисциплинската комисија, подносителот на предлогот, припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинска постапка и неговиот застапник може да поставуваат прашања до сведоците и другите лица.

Член 10

По изведување на сите предложени докази и утврдување на фактите, претседателот на дисциплинската комисија ги повикува, редоследно, подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка доколку е присутен на седницата, припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинската постапка и неговиот застапник, доколку го има, да се обратат на дисциплинската комисија со завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките аспекти на предметот. Подносителот на предлогот во својот завршен збор може да го прецизира предлогот за поведување на дисциплинска постапка. По завршните зборови претседателот на дисциплинската комисија објавува дека расправата е завршена.

Расправата, по правило, завршува истиот ден кога е започната.

Член 11

За текот на расправата се води записник.

Записникот содржи податоци за: составот на дисциплинската комисија, записничарот, местото и времето на одржувањето на расправата, подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинската постапка, неговиот застапник, доколку го има, законскиот основ за дисциплинскиот престап, содржина на исказот на припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинската постапкати и неговиот застапник, доколку го има, наведување на доказите коишто претходно биле прибавени, искази на сведоците и другите лица доколку се повикани  и доказите кои се изведени.

Записникот го потпишуваат претседателот, членовите на дисциплинската комисија, припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинската постапка и застапникот доколку го има.

Ако припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинска постапка односно неговиот застапник одбијат да го потпишат записникот, одбивањето се констатира во записникот.

Примерок од записникот му се предава на припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинска постапка, односно на неговиот застапник.

Член 12

По завршување на седницата, дисциплинската комисија пристапува кон тајно гласање за дисциплинската одговорност на припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинската постапка за што членовите на дисциплинската комисија го пополнуваат делот ДП-1 од образецот за тајно гласање со заокружување на редниот број пред текстот во однос на тоа дали припадникот на затворската полиција го сторил или не го сторил дисциплинскиот престап.

Ако дисциплинската комисија утврди дека припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинската постапка е одговорен за дисциплинскиот престап, се пристапува кон тајно гласање за видот на дисциплинската мерка која треба да се изрече, со заокружување на редниот број пред текстот во однос на конкретната дисциплинска мерка, за што членовите на дисциплинска комисија го пополнуваат делот ДП-2 од образецот за тајното гласање.

Дисциплинската мерка која има најмногу гласови се смета за усвоена.

Доколку при гласањето за утврдување на дисциплинска одговорност некој од обрасците е неважечки и поради тоа не може да се донесе одлука, гласањето ќе се повтори, а ако и при повтореното гласање има неважечки образец поради што не може да се донесе одлука, се пристапува кон јавно гласање за утврдување на дисциплинска одговорност.

Претседателот и членовите на дисциплинската комисија не може да бидат воздржани при гласањето за утврдување на дисциплинска одговорност и за изрекување на дисциплинска мерка.

Доколку две дисциплински мерки имаат еднаков број на гласови, кој е поголем од бројот на гласови од третата дисциплинска мерка, тајното гласање се повторува за тие две мерки, а за усвоена се смета онаа мерка која добила мнозинство гласови.

За резултатите од тајното гласање од ставовите (1) и (2) на овој член, записничарот на дисциплинската комисија составува посебен записник кој содржи податоци за: составот на дисциплинската комисија, записничарот, местото и времето на одржувањето на тајното гласање, резултатите од тајното гласање и предлогот на дисциплинската комисија врз основа на добиените резултати од гласање на обрасците.

Записникот за тајното гласање го потпишуваат сите членови на дисциплинската комисија и записничарот.

Образецот за тајно гласање е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 13

Предлогот за изрекување дисциплинска мерка содржи:

- вовед, во кој се наведува: составот на дисциплинската комисија, подносителот и бројот на предлогот и законскиот основ за давање на предлог за изрекување на дисциплинска мерка;

- изрека, во која се наведува предлогот на дисциплинска мерка која треба да се изрече;

- образложение, во кое се наведува краткиот опис на престапот за кој припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинската постапка е одговорен со наведување на законскиот основ, кои факти и кои докази се утврдени, оценката на изведените докази и околности кои се земени во предвид при предлагањето на мерката и

- број, датум и потпис на претседателот и членовите на дисциплинската комисија.

Член 14

Решението за изрекување дисциплинска мерка содржи:

- вовед, во кој се наведува законскиот основ за изрекување на предложената дисциплинска мерка, кој го донел решението, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог, деловодниот број и датум на предлогот за изрекување на дисциплинска мерка,

- изрека, во која се наведуваат лични податоци на припадникот на затворската полиција, видот на изречената дисциплинска мерка, како и времетраењето на дисциплинската мерка, а доколку како дисциплинска мерка биде изречена парична казна се определува почетокот на извршувањето и времетраењето на дисциплинската мерка;

- образложение, во кое се наведува краткиот опис на повредата за која припадникот на затворската полиција против кој е поведена дисциплинската постапка е одговорен со наведување на законскиот основ, кои факти и кои докази се утврдени, оценката на изведените докази и околности кои се земени во предвид при изрекување на мерката;

- доколку од страна на директорот на установата е изречена мерка различна од онаа која е предложена од дисциплинската комисија, образложението особено треба да ги содржи причините поради кои се изрекува мерка различна од предложената и

- правна поука.

Член 15

Во текот на дисциплинската постапка припадникот на затворската полиција против кој е поднесен предлог за поведување дисциплинска постапка останува во установата на работното место на кое бил распореден.

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1935/1
5 август 2020 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Рената Дескоска**, с.р.

ПРИЛОГ

**ОБРАЗЕЦ**
**ЗА ТАЈНО ГЛАСАЊЕ**
**НА КОМИСИЈАТА ЗА ВОДЕЊЕ ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕСТАП НА ПРИПАДНИК НА ЗАТВОРСКА ПОЛИЦИЈА**

**ДП-1**

Согласно поднесениот Предлог за поведување дисциплинска постапка, број ----------------------------- од -----------------година, за сторен дисциплински престап од член 112 став (1) т.------ од Законот за извршување на санкциите, а врз основа на расправата на Дисциплинската комисија одржана на -------------------------- година и изведените докази, припадникот на затворската полиција ----------------------------------------------------------------------------------------------------------, вработен во установа--------------------------------------------------------------------------------, распореден на работно место -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------:

1. Сторил дисциплински престап по член 112 став (1) точка -------------------------------------------------------------------од Законот за извршување на санкциите (задолжително да се наведат точките)

2. Не сторил дисциплински престап

Претседател на
дисциплинска комисија

**ДП-2**

Согласно резултатите од тајното гласање на Комисијата за водење на дисциплинска постапка со кое е утврдено дека припадникот на затворската полиција ------------------------------------------------------------------------------------------------------, е одговорен за сторен дисциплински престап од член 112 став (1) точка ----------- од Законот за извршување на санкциите, предлагам на истиот да му се изрече дисциплинска мерка:

1. Парична казна во висина до 20% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап во траење од еден до шест месеци;
2. Распоредување на работно место во непосредно пониско ниво;
3. Престанок на работниот однос.

Претседател на
дисциплинска комисија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**2484.**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за правно лице и правно лице кое е сопственик на зелена површина е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за одговорно лице во правно лице и одговорно лице во правното лице кое е сопственик на зелена површина, е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прекршочниот платен налог за физичко лице и физичко лице кое е сопственик на зелена површина, е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-5304/1
6 август 2020 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Горан Сугарески,** с.р.

Прилог 1

Република Северна Македонија

_____________________
(Назив на органот)

Број: _________
Датум: ________________ год. __________ во _________ часот

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за урбано зеленило, комуналниот инспектор издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

- за правно лице
- за правно лице кое е сопственик на зелена површина

А. Податоци за правно лице, односно правно лице кое е сопственик на зелена површина

| | |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште<br>Даночен број | |
| Жиро сметка и деловна банка | |

Б. Податоци за одговорно лице во правно лице, односно одговорно лице во правно лице кое е сопственик на зелена површина

| | |
|---|---|
| Име, татково име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Адреса | |
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | |
| Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа и држава | |

В. Податоци за сторен прекршок

| | |
|---|---|
| Место, датум и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршок | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100000000063095 Народна Банка на Република Северна Македонија на уплатна сметка 840***05283, приходна шифра 722126 и програма 00 со цел на дознака-уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторатот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд.

Сторител на прекршок　　　　　　　　　　Инспектор

М.П.

____________________________

____________________________

*име, презиме и своерачен потпис　　　　　　*име, презиме и своерачен потпис

Прилог 2

Република Северна Македонија

_______________________

(Назив на органот)

Број: _________

Датум: ________________ год. __________ во _________ часот

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за урбано зеленило, комуналниот инспектор издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

- за одговорно лице во правно лице
- за одговорно лице во правно лице кое е сопственик на зелена површина

А. Податоци за одговорно лице во правно лице, односно за одговорно лице во правно лице кое е сопственик на зелена површина

| | |
|---|---|
| Име, татково име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Адреса | |
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | |
| Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа и држава | |

Б. Податоци за правно лице, односно за правно лице кое е сопственик на зелена површина

| | |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Даночен број | |
| Жиро сметка и деловна банка | |

В. Податоци за сторен прекршок

| | |
|---|---|
| Место, датум и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршок | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100000000063095 Народна Банка на Република Северна Македонија на уплатна сметка 840***05283, приходна шифра 722126 и програма 00 со цел на дознака уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторатот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Сторител на прекршок Инспектор

М.П.

____________________________

___________________________

*име, презиме и своерачен потпис *име, презиме и своерачен потпис

Прилог 3

Република Северна Македонија

______________________

(Назив на органот)

Број: _________

Датум: ________________ год. __________ во _________ часот

Врз основа на член 50 став (2) од Законот за урбано зеленило, комуналниот инспектор издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

- за физичко лице
- за физичко лице кое е сопственик на зелена површина

А. Податоци за физичко лице

| | |
|---|---|
| Име, татково име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Адреса | |
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | |
| Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа и држава | |

Б. Податоци за сторен прекршок

| | |
|---|---|
| Место, датум и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |

| | |
|---|---|
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршок | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100000000063095 Народна Банка на Република Северна Македонија на уплатна сметка 840***05283, приходна шифра 722126 и програма 00 со цел на дознака уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторатот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочниот орган во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Сторител на прекршок                                        Инспектор

М.П.

_________________________

_________________________

*име, презиме и своерачен потпис                                        *име, презиме и своерачен потпис

**2485.**

Врз основа на член 43 став (7) од Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ОПОМЕНИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени.

Член 2

Евиденцијата за изречените опомени е во електронска форма и ги содржи следните податоци:

- реден број;
- број и датум на решението со кое е изречена опомената;
- назив и седиште на правното лице;
- име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомената;
- живеалиште/престојувалиште;
- кратко означување на видот на прекршокот за кој се изрекува опомената;
- име и презиме на инспекторот кој ја изрекол опомената и
- забелешка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-5306/1
6 август 2020 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Горан Сугарески,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**2486.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ДОМАШНИ И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, СЕМЕ, ЈАЈНИ КЛЕТКИ И ЕМБРИОНИ ОД ДОМАШНИ И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА СИН ЈАЗИК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на домашни и диви преживари, семе, јајни клетки и ембриони од домашни и диви преживари заради заштита од внесување на вирусот на син јазик во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/17, 118/17, 149/17 и 178/17), во насловот и во член 1 став 1 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 2

Прилогот се заменува со нов Прилог, кој е составен дел на ова решение.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-1842/3
31 јули 2020 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

**Прилог**

**1. Франција**
Следните региони во Франција:
- Аин/Ain,
- Шер/Cher,
- Корсе ду Суд/Course du Sud,
- Хауте Корсе/Haute Corse,
- Кот Дор/Cote D`or,
- Индре/Indre,
- Луар ет шер/Loir et Cher,
- Луар/Loire,
- Ниевре/Nievre,
- Пју де Дом/Puy-de-Dome,
- Тарн ет Гарон/Tarn et Garonne,
- Јоне/Yonne.

**2. Италија**
Следните региони во Италија:
- Римини/Rimini,
- Фросиноне/Frosinone,
- Исерниа/Isernia,
- Беневенто/Benevento,
- Авелини/Avellini,
- Салерно/Salerno,
- Фогиа/Foggia,
- Таранто/Taranto,
- Лече/Lecce,
- Матера/Matera,
- Кротоне/Crotone,
- Катанѕаро/Catanzaro,
- Остров Сицилија/ Sicily island,
- Остров Сардинија/Sardinia island.

**3. Грција**
Следните региони во Грција:
- Додеканиса/Dodekanisa,
- Самос/Samos,
- Лесвос/Lesvos.

**4. Белгија**
Следните региони во Белгија :
- Лиеж/Liege,
- Антверп/ Antwerp,
- Луксембург/Luxembourg,
- Западен Фландерс/West Flanders,
- Намур/Namur.

**5. Шпанија**
Следниот регион во Шпанија:
- Естепона (Брегот на Малага)/ Estepona (Costa de Malaga).

**6. Португалија**
Следниот регион во Португалија:
- Полуостров Сетубал/ Setúbal Peninsula.

**7. Швајцарија**
Следните региони во Швајцарија:
- Луцерн/Luzern,
- Берн/Bern.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2487.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/19) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20 и 133/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 10.8.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 60,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | 62,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 52,50 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 52,00 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 26,121 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 18,915 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | 20,574 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 19,595 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 19,217 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 18,746 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 5,520 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 5,556 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 5,696 денари/литар, за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 5,640 денари/литар, додека за мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 2,500 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став 2 алинеја 2 од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што согласно член 24 став (3) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците при увоз и/или производство на нафтени деривати:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 24,692 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 24,692 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 18,121 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 18,121 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 11.8.2020 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-1719/1
10 август 2020 година
Скопје

Заменик претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
**Куштрим Рамадани,** с.р.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), alineja 16 dhe nenit 149 nga Ligji i Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 8 të Rregullores për Formulimin e Çmimeve më të Larta për Shitje me Pakicë të Derivateve të Ndryshme të Naftës dhe Lëndëve Djegëse për Transport ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 108/20 dhe 133/20), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 10.8.2020, solli

**V E N D I M**
**PËR PËRCAKTIMIN E ÇMIMEVE MË TË LARTA PËR SHITJE ME PAKICË TË DERIVATEVE TË NAFTËS DHE LËNDËVE DJEGËSE PËR TRANSPORT**

Neni 1

(1) Çmimet më të larta për shitje me pakicë të derivateve të naftës dhe lëndëve djegëse për transport janë:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 60,00 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 62,00 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 52,50 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 52,00 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 26,121 (denarë/kilogram) |

(2) Tregtarët me shumicë dhe tregtarët me pakicë me derivate të naftës dhe lëndë djegëse për transport, mund të formulojnë çmime të derivateve të ndryshme të naftës dhe lëndëve djegëse për transport edhe më të ulëta se çmimet më të larta të përcaktuara në paragrafin (1) të këtij neni.

(3) Çmimet më të larta për shitje me pakicë të formuluara në pajtueshmëri me paragrafin (1) të këtij neni, përveç çmimit për Mazut M-1 SU, vlejnë për franko stacione të pompimit, ndërsa çmimi i Mazutit M-1 SU vlen për deponime franko të tregtarit me shumicë të derivate të naftës dhe lëndëve djegëse për transport në vend.

(4) Te çmimet më të larta për shitje me pakicë të formuluara në pajtueshmëri me këtë nen, përmbahet edhe tatimi i vlerës së shtuar në pajtueshmëri me Ligjin e Tatimit të Vlerës së Shtuar.

Neni 2

(1) Në çmimet më të larta për shitje me pakicë të derivateve të naftës dhe lëndëve djegëse për transport të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, janë të përmbajtura edhe çmimet më të larta të blerjes të cilat arrijnë vlerë prej:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 18,915 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 20,574 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 19,595 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 19,217 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 18,746 (denarë/kilogram) |

Neni 3

Në çmimet më të larta për shitje me pakicë të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi është i përmbajtur edhe kompensimi i shpenzimeve për punë përmes depos dhe marzhës tregtare, e cila për Eurosuper BS-95 është 5,520 denarë/litër, për Eurosuper BS-98 është 5,556 denarë/litër, për Eurodizel BS (D-E V) është 5,696 denarë/litër, për Ekstra të Lehtë 1 (EL-1) është 5,640 denarë/litër, përderisa për Mazut M-1 SU kompensimi është 2,500 denarë/kilogram.

Neni 4

Çmimet më të larta për shitje me pakicë të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, me përjashtim të mazutit M-1 SU, përmbajnë edhe kompensimin për shpenzimet të transportit nga depoja deri te pompat e benzinës në vlerë prej 0,75 denarë/litër për të gjitha derivatet e naftës.

Neni 5

Në çmimet më të larta për shitje me pakicë të vërtetuara në nenin 1 të këtij vendimi, është i përmbajtur edhe kompensimi për financim të aktiviteteve nga fusha e mjedisit jetësor, të cilin në pajtueshmëri me nenin 184, paragrafi 2, alineja 2 të Ligjit të Mjedisit Jetësor, e paguajnë tatimpaguesit e përcaktuar me këtë ligj:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 0,080 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 0,080 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 0,030 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 0,040 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,050 (denarë/kilogram) |

Neni 6

Në çmimet më të larta për shitje me pakicë të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, është i përmbajtur edhe kompensimi për rezerva të obligueshme të naftës dhe derivateve të naftës, të cilin në pajtueshmëri me nenin 24, paragrafi (3) të Ligjit të Rezervave të Obligueshme të Naftës dhe Derivateve të Naftës, e paguajnë tatimpaguesit gjatë importit dhe/ose prodhimit të derivateve të naftës:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 0,890 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 0,890 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 0,300 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 0,300 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,740 (denarë/kilogram) |

Neni 7

Në çmimet më të larta për shitje me pakicë të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, akcizat që i paguajnë tatimpaguesit në pajtueshmëri me rregullat për akciza, kanë këtë vlerë:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 24,692 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 24,692 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 18,121 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 18,121 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,100 (denarë/kilogram) |

Neni 8

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij, ndërsa do të fillojë të aplikohet nga ora 00:01 të datës 11.08.2020 dhe i njëjti do të publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Nr. 02-1719/1
10.8.2020
Shkup

Zëvendëskryetar
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës Maqedonisë së Veriut,
**Kushtrim Ramadani,** d.v.

---

**2488.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 13 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19 и 114/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 6 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство и трговија со текстил и текстилни производи СЕМАК ФЕШН КОМПАНИ КД-Штип, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СЕМАК СОЛАР".

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-136/20
6 август 2020 година
Скопје

Претседател на
Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за производство и трговија со текстил и текстилни производи СЕМАК ФЕШН КОМПАНИ КД-Штип, со седиште на ул. Гоце Делчев бр.205, Штип, Република Северна Македонија

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата**: Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата**: 6 август 2020 година

**4. Датум на важење на лиценцата**: 6 август 2055 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца**: ЕЕ-ПРОИЗ-435-2020

**6. Единствен матичен број**: 6015433

**7. Единствен даночен број**: 4029005130649

**8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СЕМАК СОЛАР" со локација на кров на објект на КП бр.1072/27, КО Штип 1, Општина Штип.

**9. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,

- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,

- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,

- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,

- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,

- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

**10. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози,

